**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 02-14/199-2004 Скопје, 15.04.2004 година

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките (Сл. весник на РМ бр.51/2003 година), а во врска со член 17 став 3 од Законот за банките (Сл. весник на РМ бр.63/2000, 37/2002, 51/2003 и 85/2003), гувернерот на Народна банка на Република Македонија на 15.04.2004 година, донесе

РЕШЕНИЕ
За измена на Решение за замена на дозволата за основање и работење на Стопанска банка АД Скопје

1. Во решението на гувернерот на Народна банка на Република Македонија бр.02-14/65-2004 од 06.02.2004 година се вршат следните измени:
- во точка 3 потточка а) алинаја 1 бројот "64,62" се заменува со бројот "71,1950";
- во точка 3 потточка а) алинаја 2 бројот "9,56" се заменува со бројот "10,5281";
- во точка 3 потточка а) алинаја 3 бројот "9,56" се заменува со бројот "10,5281" и
- во точка 5 алинеја 15 зборовите "Платен промет со странство"се заменуваат со зборовите "Платен промет со странство, вклучувајќи и вршење на услуги брз трансфер на пари".

2. Стопанска банка АД Скопје, е должна во рок од 15 дена по извршениот упис во трговскиот регистар, на Народна банка на Република Македонија да и достави примерок од Решението за регистрација.

Образложение

Во член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките (Сл. весник на РМ бр.51/2003 година), е предвидено дека Народна банка на Република Македонија е должна во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон да ги замени актите за основање на банките со одлуки за издавање дозвола за основање и работење на банка кои ќе ги содржат елементите утврдени со член 17 став 3 од Законот за банките.

Со Решение на гувернерот на Народна банка на Република Македонија бр.02-14/65-2004 од 06.02.2004 година се изврши замена на дозволата за основање и работење на Стопанска банка АД Скопје. Со истото Решение, во точка 3 од диспозитивот се наведуваат акционерите на Стопанска банка АД Скопје кои поседуваат акции во номинален износ над 5% во вкупниот број акции на Банката со состојба 30.09.2003. Набројувањето е извршено врз основа на податоците добиени од Стопанска банка АД Скопје, доставени на ден 29.01.2004 година. Со допис бр.01-344 од 16.02.2004 година, Стопанска банка АД Скопје побара измена на Решението во точка 3 потточка а) алинеја 1-3, а со допис бр.01-487 од

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 091 108-108 (Централа); + 091 108-251
Факс: + 091 108-357 (Централа); + 091 108-348
Телекс 51415 NARBAM MB

02.03.2004 година го прецизира своето барање, доставувајќи копија бр.02-1088/1 од 03.02.2004 од Централниот Депозитар за хартии од вредност со состојба 30.09.2003 година. Со истите дописи, Стопанска банка АД Скопје побара и измена во точка 5 алинеја 15, каде наместо зборовите "Платен промет со странство" треба да стои "Платен промет со странство, вклучувајќи и вршење на услуги брз трансфер на пари", согласно измените во член 46 став 1 од Законот за измени и дополнувања на Законот за банки (Сл.весник на Р.М.бр.85/03).

При горецитираното барање за измена на точка 5 алинеја 15, а во врска со Законот за измени и дополнувања на Законот за банки (Сл.весник на Р.М.бр.85/03), по извршената анализа на Барањето и приложената документација, Народна банка на Република Македонија најде дека истото е во согласност со законските прописи, поради што следуваше да се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе жалба, во рок од 8 дена по приемот на Решението, до Советот на НБРМ, согласно член 64 став 1 точка 19 од Законот за НБРМ

Гувернер,
Љубе Трпески